Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 232/0306
15.05 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 9 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од адвокат Александар Тумановски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „ДоказМ.мк“, со текстот насловен „И адвокатот Тумановски вмешан во скандалот со дивоградба на Златко Тодоров на цел кат во објектот Даскал Камче спроти СЈО“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 18 април 2019 година, адвокатот Александар Тумановски поднесе жалба за текстот со наслов „И адвокатот Тумановски вмешан во скандалот со дивоградба на Златко Тодоров на цел кат во објектот Даскал Камче спроти СЈО“, објавен на 16 април 2019 година, на Интернет порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmakedonija.mk).

Во жалбата се наведува текстот содржи неточно и нефер известување, говор на омраза, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

Подносителот на претставката смета дека во текстот воопшто не се наведени докази дека клиентот што тој го застапува во кривичните постапки било осудено лице за да се наведе дека самиот, како адвокат, бил вмешан во криминални активности на Златко Тодоров. Адвокатот Тумановски посочува дека со таквите наводи нему му се нанесува штета на угледот и честа како адвокат и го спречува да пружа правна помош со целосно застапување на клиентите од кривично-правна област.

*„Во текстот се наведува дека имам како адвокат директно учествувано во продажба на стан кај извршител Андреја Буневски, без притоа, да се каже чив е тој стан, кој тоа дал известување во дневен весник, дали имало судска забрана за продажба на предметниот стан и дали јас како адвокат и како граѓанин сум имал забрана да се јавам на лицитација. На крај пишувачот на текстот наведува дека мојот интерес за да водам постапки и да го застапувам мојот клиент било тоа што сопругата Марија Тумановска платила за стан (без притоа да се наведе дека е карабина) од 270 евра од м2 на ул.Даскал Камчев и тоа бил мојот мотив да му помогнам на Златко Тодоров, наведувајќи груби невистини за мене и за моето семејство и давајќи клеветнички и навредувачки изјави“*, наведува во жалбата Тумановски, кој смета дека со ваквите написи, се девалвирала и неговата работа во Советот за реформи.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот „ДоказМ.мк“ и побара медиумот да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од Интернет порталот само кусо одговорија дека немало потреба да се произнесуваат за наводите, зашто станувало збор за објавено писмо на бизнисменката Кираца Трајковска, за кое тие не можеле да судат и да се изјаснуваат.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 мај 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека се работи за текст сместен во рубриката колумни на порталот „ДоказМ.мк" и дека истиот нема автор, што е целосно спротивно со начелата на овој новинарски жанр. Медиумот пренесува текст кој повеќе има форма на истражувачка сторија за наводен криминал во градежниот сектор, во која предмет на сомнежи и обвинувања е подносителот на жалбата, адвокатот Александар Тумановски.

Комисијата се согласи дека новинарскиот производ произлегува од јавниот интерес и обработува тема за која јавноста треба да биде информирана, но, во исто време, Комисијата се согласи и дека авторот, под превезот „анонимен", повикувајќи се на бројни документи, сепак, не обезбедил потполна информација за ги поткрепи своите тврдења. Ова уште повеќе што новинарот отстапил од основното новинарско правило да побара став од сите засегнати страни, во случајов, и од адвокатот Тумановски. Оттука, членовите на Комисијата најдоа дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојуваат следните реченици:

***„Нашите истражувања на случаите на криминал на Златко Тодоров и неговите Кубус инжинеринг и Кубус (сега двете во стечај) не доведоа до скандалозни сознанија дека и адвокатот Александар Тумановски (инаку член на Советот за реформи во правосудството) длабоко е вмешан во криминалните активности на Златко Тодоров и всушност му помага во истите".***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„Значи Златко Тодоров продал бесправно изграден стан на сопругата на адвокатот Тумановски по цена од 270 евра за метар квадратен!!! Од таму може да се види дека мотивот за несебичното помагање на Тумановски во криминалните активности на Тодоров“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста на информациите се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во продолжение, Комисијата утврди дека во текстовите авторот неретко се јавува во улога на коментатор и не прави суштинска разлика меѓу фактите и мислењата. Ваквата отстапка особено е забележителна во следната реченица:

***„Ако ваквите адвокати како што е Александар Тумановски учествуваат во скандалозни и криминални активности на лица како Златко Тодоров за личен интерес на штета на други и истовремено членуваат и во Советот за реформи на правосудството каква реформа може да очекуваме???“.***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот, за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Интернет порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmakedonija.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595